*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*

Бул. Гоце Делчев бр.18, 1000 Скопје, Тел.. 5119860 Факс. 5119861
www.mrt.com.mk

---

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2019 ГОДИНА СО ПРЕНАМЕНА НА СРЕДСТВА

ВОВЕД

ЈРП Македонска радио телевизија, како јавен радиодифузен сервис, врши дејност од јавен интерес во областа на радиодифузијата во Република Македонија која опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми и програмски сервиси. Согласно Законот за ААВМУ, програмата ќе се емитува преку редовни ТВ програмски сервиси и тоа, еден ТВ програмски сервис на македонски јазик и еден на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик, со дневно времетраење од 24 часа, како и телевизиски програмски сервис кој ќе емитува програма на јазиците на другите немнозински заедници во РМ.
Исто така, програмата на јавниот радиодифузен сервис ќе се емитува и најмалку преку два редовни радио програмски сервиси на македонски јазик и еден радио програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик кои ќе емитуваат програма со дневно времетраење од 24 часа секој ден во неделата како и еден радио програмски сервис на јазикот што го зборуваат другите немнозински заедници, исто така, со 24 часовно дневно времетраење на програмата.
МРТ обезбедува и посебни радио програми наменети за соседните земји и Европа на странски јазици како и посебни радио програми наменети за информирање на иселениците и граѓаните на РМ кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.
МРТ обезбедува и најмалку еден радио програмски сервис и еден ТВ програмски сервис преку сателит и /или интернет наменет за иселениците и граѓаните на РМ кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски, на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик кои емитуваат програма 24 часа секој ден во неделата и на јазикот на другите немнозински заедници кој ќе се емитува 24 часа на ден.
МРТ го обезбедува и програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден со Законот за Собрание на РМ.

Во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ЈРП МРТ изработува годишен финансиски план за наредната година чија изработка се базира на показателите од работењето во минатите години, движењата на тековните активности како и на планираните или очекувани активности во наредната година, имајќи ги предвид притоа условите и можностите за обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на планираните програмски содржини но и за навремено сервисирање на создадените обврски.

## А. ПЛАН НА ПРИХОДИ

За реализирање на планираните програмски и останати активности во 2019 година со Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија се планира да се обезбедат приходи по следните основи:

**Приход од Буџет на Република Македонија**

Финансиските средства наменети за финансиска поддршка на редовното работење на ЈРП МРТ, а кои МРТ ги добива од Буџетот на РМ, изнесуваат 894.000.000 денари или 95,9% од вкупно планираниот приход за 2019 година.

**Приход од емитување на аудио и аудиовизуелни комерцијални комунукации**

Очекуваните приходи по основ на емитување на аудио и аудиовизуелни комерцијални комунукации планирани се во висина од 13.000.000 денари и во вкупниот приход учествуваат со 1,4 %.

**Приходи од закупнини**

Приходот по основ на изнајмување на деловен простор и опрема од надворешни соработници е планиран во износ од 500.000 денари или 0,1% од вкупно планираните средства.

**Приходи од услуги во земјата**

По основ на услуги како користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и останати услуги во земјата, за 2019 година, планирани се приходи во вкупен износ од 3.000.000 денари и истите во вкупно планираните приходи учествуваат со 0,3%.

**Приходи од услуги во странство**

Приходите за извршени услуги во странство (технички услуги, отстапени права, коментаторски позиции, ISDN линии и останати услуги) се планирани во износ од 2.000.000 денари и во вкупно планираните приходи истите учествуваат со 0,2% .

**Останати деловни приходи**

Останати деловни приходи се приходи по основ на:

- приходи од камати
- приходи по основ на позитивни курсни разлики
- наплатени отпишани побарувања од минати години
- приходи од отпишани обврски
- останати дополнителни приходи од претходни години и слично

Овие приходи во 2019 година се планираат во износ од 15.000.000 денари и нивното учество во вкупно планираните приходи изнесува 1.6%.

**Приходи од наплата по основ на судски одлуки**

Приходите по основ на разрешување на судски спорови во корист на МРТ планирани се во износ од 2.000.000 денари или 0,2% во однос на вкупниот износ на планирани приходи за 2019 година.

**Приходи од донации, продажба на програма и услуги**

Приходите по основ на продажба на програма и услуги и по основ на донации во 2019 година се планирани во износ од 3.000.000 денари и истите учествуваат со 0,3% во вкупниот планиран приход во МРТ за 2019 година.

**Вкупно** планираните приходи по сите основи, во износ од 932.500.000 денари во 2019 година, треба да ги покријат планираните програмски активности, не отстапувајќи при тоа од законските обврски на Македонската радио телевизија како јавен сервис на граѓаните.

Планираните активности за 2019 година воглавно ќе бидат насочени кон:

- Исполнување на редовните активности во МРТ, односно создавање (производство) и емитување на сопствена радио и телевизиска програма на радио и на телевизиските програмските сервиси и емитување на истата на македонски, албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик.
- Набавка на нова играна програма и серии, набавка на странска документарна програма, драмска програма, реализација на музички емисии,
- Откуп на права за емитување на значајни спортски настани,
- Реализирање на програмските содржини на посебните програми, како и
- Континуирана набавка на нова современа опрема и други основни средства, одржување на постојната опрема и реконструкција и одржување на објектите во МРТ.

Планираните приходи на ЈРП МРТ за 2019 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА 2019 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Планирани приходи за 2018г | Остварени приходи-(проценка) 2018г | Планирани приходи за 2019г | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Струк тура 2019г |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приход од Буџет на РМ-средства за финансирање на радиодифузна дејност | 886,550,000 | 886,550,000 | 894,000,000 | 101 | 101 | 95.9 |
| Закупнини | 1,500,000 | 1,000,000 | 500,000 | 33 | 50 | 0.1 |
| Приходи од услуги во земјата | 4,000,000 | 3,500,000 | 3,000,000 | 75 | 86 | 0.3 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги, коментаторски позиции, ISDN линии, отстапени права и сл.) | 2,000,000 | 1,800,000 | 2,000,000 | 100 | 111 | 0.2 |
| Останати деловни приходи ( приходи од камати, позитивни курсни разлики, наплатени отпишани побарувања од минати години, отпишани обврски, приходи од минати години), дополнително утврдени приходи од претходни години | 30,000,000 | 23,000,000 | 15,000,000 | 50 | 65 | 1.6 |
| Приходи од наплата по основ на судски одлуки | 4,000,000 | 3,000,000 | 2,000,000 | 50 | 67 | 0.2 |
| Приходи од Министерство за култура согласно Законот за поддршка на македонската музичка продукција | 32,000,000 | 5,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0.0 |
| Приход од емитување на аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации | 33,000,000 | 30,000,000 | 13,000,000 | 39 | 43 | 1.4 |
| Приход од донации, продажба на програма и услуги | 6,000,000 | 1,500,000 | 3,000,000 | 50 | 200 | 0.3 |
| **СЕ ВКУПНО :** | **999,050,000** | **955,350,000** | **932,500,000** | **93** | **98** | **100.0** |

## Б. ПЛАН НА РАСХОДИ

Согласно измените во Законот за ААВМУ (Сл.весник бр.142/16, Член 1) со кој се менува членот 107, став 1 од Законот за ААВМУ (Сл.весник бр.132/14) и кој гласи: МРТ во Република Македонија обезбедува најмалку еден ТВ програмски сервис на македонски јазик и еден ТВ програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик, кои ќе емитуваат програма 24 часа секој ден во неделата, како и ТВ програмски сервис кој ќе емитува програма на јазиците на другите немнозински заедници во Република Македонија и со Законот за изменување и дополнување на законот за ААВМУ (Сл.весник бр. 248/18) произлезе потребата од измена на планираните трошковни ставки во Финансискиот план на МРТ за 2019 година.
Вкупниот износ на планирани расходи на ЈРП Македонска радио телевизија за 2019 година за реализирање на редовните и инвестиционите активности во врска со создавање и емитување на програмата, со овој План за изменување на Финанскиот план на ЈРП МРТ за 2019 година со пренамена на средства, не го надминува планираниот вкупен износ на расходи од 932.500.000 денари.
Планираните расходи за 2019 година низ поединечни ставки ги претставуваат неопходните потреби на ЈРП МРТ, а трошењето на финансиските средства ќе биде рационално, економично и наменски во согласност со законите и законските прописи.

**Планот на расходи ги опфаќа следните планирани групи на трошоци:**

### Трошоци на вработените

Во оваа група за 2019 година се планирани трошоци во вкупен износ од 403.450.000 денари. Во оваа група на трошоци се опфатени бруто платите, надоместоците за исплата на отпремнина на вработените кои ги исполнуваат условите за одење во пензија, други лични примања (останати надоместоци – помош исплатена на вработените во случај на смрт на вработен или на член на потесно семејство), трошоците за здравствени услуги како и трошоците за едукација (обука, посета на семинари, советувања и слично) на вработените.

## Патни трошоци и транспортни услуги

Оваа категорија ги опфаќа трошоците за службени патувања во земјата и странство - дневници, ноќевања и превоз, како и трошоците за користење на сопствено возило, трошоци за патарина, услугите за такси превоз и слично, за што е планирана сума во вкупен износ од 8.350.000 денари. Најголемо учество во овие трошоци имаат патните трошоци и дневниците за службените патувања бидејќи МРТ како јавен радиодифузен сервис ги следи и пренесува до гледачите и слушателите сите значајни настани од јавен карактер во земјата и странство.

## Заеднички трошоци

Оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 266.800.000 денари и истата ги опфаќа следните видови трошоци:

***Трошоци за суровини и материјали***

Група во која се опфатени трошоците за набавка на електричен и технички материјал, материјал (резервни делови) за поправка и одржување на опремата и градежните објекти во МРТ, материјали за студиска реквизита, шминка, фризура и слично планирани се во вкупен износ од 7.550.000 денари.

***Трошоци за останати материјали***

Група на трошоци со вкупен износ од 2.360.000 денари во која спаѓаат трошоците за канцелариски материјал, заштитна облека и обувки, материјал за возен парк и разни останати потрошни материјали.

***Трошоци за енергија***

Оваа група ги опфаќа тековните трошоци за електрична енергија, топлотна енергија и гориво и истата е планирана во вкупен износ од  38.300.000 денари.

***Трошоци за ситен инвентар и автогуми***

Оваа група на трошоци е планирана во износ од 2.500.000 денари.

***Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии***

Група на трошоци која за 2019 година е планирана во вкупен износ од 16.000.000 денари, се однесува на трошоци за телефонски - директни линии, мобилни линии, интернет, поштарина и аудио и видео линии за пренос на програмата.

***Услуги за одржување и заштита***

Група на трошоци која е планирана во вкупен износ од 33.620.000 денари и која ги опфаќа трошоците за следните видови на услуги: агенциски услуги за физичко обезбедување на имот, услуги за инвестиционо и тековно одржување на основни средства и градежни објекти, одржување на возилата на МРТ и набавка на резервни делови за нив, одржување на ситен инвентар и автогуми, услуги за одржување на ВЕБ страната на МРТ, агенциски услуги за одржување на хигиена и други услуги за одржување и заштита.

***Комунални услуги***

Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за вода и ѓубретарина, дератизација, дезинфекција и дезинсекција во објектите на МРТ, трошоци за гаражирање и паркирање на возила и истата е планирана во вкупен износ од 4.340.000 денари.

***Останати услуги од работењето***

Во оваа група на трошоци за 2018 година планирани се средства во вкупен износ од 2.100.000 денари и истата опфаќа услуги за регистрација на возила, објава на огласи и конкурси, трошоци за противпожарна заштита, шпедитерски услуги, заверка на пасоши, визи и слично.

***Трошоци за амортизација на основни средства***

Вкупниот износ на планирани трошоци за амортизацијата на основните средства за 2019 година е 68.000.000 денари, што е годишен отпис односно исправка на вредноста на набавената опрема во рамките на инвестиционите активности и процесот на дигитализација на ТВ опремата т.е. премин од аналогна кон дигитална технологија.

***Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис***

За вредносно усогласување на побарувањата од купувачите и отпис на побарувањата по основ на ненаплатена РДТ за 2019 година се планирани вкупно 20.000.000 денари.

***Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација***

За оваа категорија на трошоци со Финансискиот план за 2019 година се планирани вкупно 850.000 денари;

***Премии за осигурување***

Планираните средства за премии за осигурување на вкупниот движен и недвижен имот и лица во МРТ во 2019 година изнесуваат 3.000.000 денари;

***Банкарски услуги и трошоци на платен промет***

Планираните средства за банкарските трансакции кои МРТ ќе ги извршува во 2019 година заедно со таксата за истакнување на фирма изнесуваат вкупно 910.000 денари.

***Останати трошоци***

За групата на трошоци во која спаѓаат трошоците за спроведување на ИСО стандардите и консултантски услуги, потоа услугите за контрола на квалитет, атестирање, изработка на елаборати и технички проекти, како и трошоци за стручна литература и списанија, со Финансискиот план за 2019 година планирани се средства во вкупен износ од 920.000 денари;

***Трошоци за надомест и други примања на членовите на Програмски совет и Надзорен одбор***

Во согласност со Законот за ААВМУ каде што е утврдена висината на надоместоците за членовите на ограните на управување во МРТ, оваа група на трошоци за 2019 година е планирана во вкупен износ од 5.000.000 денари;

***Даноци, судски трошоци и административни такси***

За овие видови на трошоци како и за трошоци за користење на Сателитски провајдер - услуги за користење Uplink антена, во 2019 година планирани се вкупно 5.250.000 денари;

***Казни, пенали, надомест на штети***

За овие видови на трошоци планирани се вкупно 600.000 денари;

***Дополнително утврдени расходи од минати години***

Дополнително утврдените расходи од минати години се планирани во висина од 17.000.000 денари и истите се однесуваат на трошоци по разни основи кои биле планирани во минат период од тековото работење на МРТ но, во тој период, за истите не се доспеани фактури (расходи по фактури од минати години за извршени набавки и услуги во земјата и странство и слично).

***Камати од работење и затезни камати***

Каматите од редовното работење и затезните камати се планирани во висина од 35.000.000 денари.

***Негативни курсни разлики***

Трошоците по основ на негативни курсни разлики кои произлегуваат од девизниот платен промет кој во голем обем е застапен во тековното работење на МРТ, пред се, за откуп на странска филмска и спортска програма, како и за реализација на набавки на опрема, за 2019 година се планирани во вкупен износ од 3.500.000 денари;

## Програмски права

Категоријата на трошоци под наслов Програмски права, за 2019 година, планирана е во вкупен износ од 132.000.000 денари и истата се однесува на трошоци во врска со откуп на права за емитување на играна филмска и документарна програма, останати програмски права, надомест за фестивал ЕВРОСОНГ, надомест за снимање фестивали, откуп на права за емитување на спортски настани, откуп на програми од независни продуценти и трошоци за реализација на копродукциски проекти со најразновидна содржина.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 58.400.000 денари и истата ги опфаќа следните видови трошоци:

***Наемнини***

Планираните трошоци за наемнини во 2019 година изнесуваат 1.550.000 денари и истите се однесуваат на наем на опрема за која ќе произлезе потреба во текот на работењето како и наем на недвижности т.е. работни простории за дописните центри низ градовите во Република Македонија од кои ќе известуваат дописниците на МРТ.

***Останати трошоци од работење***

За оваа група на трошоци во 2019 година се планирани вкупно 37.550.000 денари и истите се однесуваат на следните видови трошоци:

- Адвокатски и нотарски услуги, ревизија на финансиски извештаи, услуги за вештачење,
- Носачи на аудио и видео материјали, услуги од агенции за користење податоци за истражување на програмата и мерење на рејтинг на гледаност,
- Технички услуги, интелектуални услуги,
- Услуги за ангажирање надворешни лица преку авторска агенција во секторите во кои во текот на работењето ќе се јави недостиг од кадар потребен за извршување на работните задачи,
- Трошоци за реализација на проектот Избор на песна – македонски претставник на Евросонг, Евровизија 2019 година и слично.

***Членарини, котизации, ЗАМП и останати услуги***

Оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 19.000.000 денари и опфаќа годишни членарини за ЕБУ, ЦИРКОМ, котизации, трошоци за акредитации, мало авторско право ЗАМП, ММИ и останати трошоци од работење.

***Материјали и услуги за дигитализација***

За набавка на дигитални технички материјали и услуги за емитување на ТВ програмата за 2019 година планирани се средства во вкупен износ од 300.000 денари.

**Инвестиции**

Во делот на трошоци за инвестиции, набавката на опрема и други инвестиции во текот на 2019 година се планира да се одвива во рамки на вкупниот планиран износ од 63.500.000 денари. Најголем дел од овој износ и тоа средства од 41.300.000 денари (без ДДВ) се планирани за набавки на студиска и мобилна опрема за производство и емитување на програмата на МРТ а во согласност со законските одредби во Законот за ААВМУ во кое се уредува емитувањето на програмата на Вториот Програмски сервис МТВ2 и Програмскиот сервис на јазиците на другите немнозински заедници во РМ со 24 часовно времетраење.

Планираните трошоци на ЈРП МРТ за 2019 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

## МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА

### ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ЗА 2019 ГОДИНА

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2018г | Остварување 2018 г. (проценка) | Финансиски план за 2019г | Финансиски план за 2019г- Со пренамена на средства | Индекс 5/2*100 | Индекс 5/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | | |
| Бруто плати (основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство) | 375,000,000 | 374,000,000 | 400,000,000 | 400,000,000 | 107% | 107% |
| Отпремнина за одење во пензија | 1,500,000 | 1,500,000 | 1,700,000 | 1,700,000 | 113% | 113% |
| Други лични примања (помош на вработени,останати надоместоци на вработени,помош во случај на вработен или член на семејство и слично) | 299,000 | 280,000 | 300,000 | 300,000 | 100% | 107% |
| Трошоци за здравствени услуги | 100,000 | 50,000 | 800,000 | 800,000 | 800% | 1600% |
| Трошоци за едукација | 250,000 | 200,000 | 650,000 | 650,000 | 260% | 325% |
| **Вкупно 1 - Трошоци за вработените** | **377,149,000** | **376,030,000** | **403,450,000** | **403,450,000** | **107%** | **107%** |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 1,500,000 | 1,500,000 | 1,500,000 | 1,500,000 | 100% | 100% |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 3,820,000 | 3,500,000 | 3,500,000 | 3,500,000 | 92% | 100% |
| Превоз и други патни трошоци за службени патувања во земјата | 100,000 | 100,000 | 100,000 | 100,000 | 100% | 100% |
| Превоз и други патни трошоци за службени патувања во странство | 1,864,000 | 1,800,000 | 1,900,000 | 1,900,000 | 102% | 106% |
| Сопствено возило за службени потреби | 166,000 | 100,000 | 150,000 | 150,000 | 90% | 150% |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 333,000 | 280,000 | 300,000 | 300,000 | 90% | 107% |
| **Вкупно 2** | **7,783,000** | **7,280,000** | **7,450,000** | **7,450,000** | **96%** | **102%** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | | |
| Авто такси - услуги за такси превоз | 932,000 | 880,000 | 900,000 | 900,000 | 97% | 102% |
| **Вкупно 3** | **932,000** | **880,000** | **900,000** | **900,000** | **97%** | **102%** |
| **Вкупно патни и транспортни услуги** | **8,715,000** | **8,160,000** | **8,350,000** | **8,350,000** | **96%** | **102%** |
| ***Заеднички трошоци*** | | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | | |
| Електричен материјал | 1,262,000 | 1,000,000 | 2,000,000 | 2,000,000 | 158% | 200% |
| Технички материјал | 1,264,000 | 1,000,000 | 1,500,000 | 1,500,000 | 119% | 150% |
| Материјал за кулиси и декор | 200,000 | 200,000 | 1,800,000 | 1,800,000 | 900% | 900% |
| Материјал за реквизита | 50,000 | 40,000 | 200,000 | 200,000 | 400% | 500% |
| Материјал за шминка и фризура | 50,000 | 40,000 | 200,000 | 200,000 | 400% | 500% |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2018г | Остварување 2018 г. (проценка) | Финансиски план за 2019г | Финансиски план за 2019г- Со пренамена на средства | Индекс 5/2*100 | Индекс 5/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Разни прехранбени и други материјали за снимање | 286,000 | 250,000 | 350,000 | 350,000 | 122% | 140% |
| Материјал за поправка и одржување | 1,097,000 | 800,000 | 1,500,000 | 1,500,000 | 137% | 188% |
| **Вкупно 4** | **4,209,000** | **3,330,000** | **7,550,000** | **7,550,000** | **179%** | **227%** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | | |
| Канцелариски материјал | 1,762,000 | 1,500,000 | 1,700,000 | 1,700,000 | 96% | 113% |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 250,000 | 250,000 | 300,000 | 300,000 | 120% | 120% |
| Други потрошни материјали | 10,000 | 10,000 | 10,000 | 10,000 | 100% | 100% |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 449,000 | 300,000 | 350,000 | 350,000 | 78% | 117% |
| **Вкупно 5** | **2,471,000** | **2,060,000** | **2,360,000** | **2,360,000** | **96%** | **115%** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 16,660,000 | 15,000,000 | 18,000,000 | 18,000,000 | 108% | 120% |
| Трошоци за топлотна енергија | 17,320,000 | 15,500,000 | 16,000,000 | 16,000,000 | 92% | 103% |
| Трошоци за гориво и мазиво | 3,660,000 | 3,600,000 | 4,000,000 | 4,000,000 | 109% | 111% |
| Останати трошоци за користење енергија | 300,000 | 200,000 | 300,000 | 300,000 | 100% | 150% |
| **Вкупно 6** | **37,940,000** | **34,300,000** | **38,300,000** | **38,300,000** | **101%** | **112%** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 866,000 | 800,000 | 2,500,000 | 2,500,000 | 289% | 313% |
| **Вкупно 7** | **866,000** | **800,000** | **2,500,000** | **2,500,000** | **289%** | **313%** |
| ***8)Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 700,000 | 600,000 | 700,000 | 700,000 | 100% | 117% |
| Телефонски трошоци-мобилна телефонија | 2,264,000 | 2,200,000 | 2,300,000 | 2,300,000 | 102% | 105% |
| Трошоци за интернет услуги | 400,000 | 300,000 | 400,000 | 700,000 | 175% | 233% |
| Поштарина | 333,000 | 300,000 | 300,000 | 300,000 | 90% | 100% |
| Трошоци за користење аудио и видео линии | 14,000,000 | 14,000,000 | 12,000,000 | 12,000,000 | 86% | 86% |
| **Вкупно 8** | **17,697,000** | **17,400,000** | **15,700,000** | **16,000,000** | **90%** | **92%** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | | |
| Агенциски услуги за физичко обезбедување на објектите во МРТ | 4,000,000 | 4,000,000 | 4,200,000 | 4,200,000 | 105% | 105% |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 3,160,000 | 2,500,000 | 8,400,000 | 11,300,000 | 358% | 452% |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 11,620,000 | 8,000,000 | 11,500,000 | 10,350,000 | 89% | 129% |
| Одржување на возила | 2,830,000 | 2,500,000 | 3,700,000 | 3,100,000 | 110% | 124% |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2018г | Остварување 2018 г. (проценка) | Финансиски план за 2019г | Финансиски план за 2019г- Со пренамена на средства | Индекс 5/2*100 | Индекс 5/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 100,000 | 100,000 | 150,000 | 150,000 | 150% | 150% |
| Други услуги за одржување | 20,000 | 20,000 | 20,000 | 20,000 | 100% | 100% |
| Услуги за одржување на ВЕБ страната на МРТ | 1,064,000 | 1,000,000 | 1,000,000 | 1,000,000 | 94% | 100% |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 3,660,000 | 3,500,000 | 3,500,000 | 3,500,000 | 96% | 100% |
| **Вкупно 9** | **26,454,000** | **21,620,000** | **32,470,000** | **33,620,000** | **127%** | **156%** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 40,000 | 40,000 | 40,000 | 40,000 | 100% | 100% |
| Дератизација и дезинфекција | 300,000 | 200,000 | 300,000 | 300,000 | 100% | 150% |
| Трошоци за ѓубретарина | 983,000 | 980,000 | 1,200,000 | 1,200,000 | 122% | 122% |
| Трошоци за вода | 3,092,000 | 2,800,000 | 2,800,000 | 2,800,000 | 91% | 100% |
| **Вкупно 10** | **4,415,000** | **4,020,000** | **4,340,000** | **4,340,000** | **98%** | **108%** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и друго | 133,000 | 100,000 | 150,000 | 150,000 | 113% | 150% |
| Трошоци за огласи и конкурси | 550,000 | 500,000 | 500,000 | 500,000 | 91% | 100% |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и слично | 400,000 | 400,000 | 400,000 | 400,000 | 100% | 100% |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 183,000 | 150,000 | 200,000 | 200,000 | 109% | 133% |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци,сервисирање на ПП апарати) | 750,000 | 500,000 | 800,000 | 800,000 | 107% | 160% |
| Останати услуги, занаетчиски и сл. | 20,000 | 20,000 | 20,000 | 20,000 | 100% | 100% |
| Трошоци за фотокопирање | 30,000 | 30,000 | 30,000 | 30,000 | 100% | 100% |
| **Вкупно 11** | **2,066,000** | **1,700,000** | **2,100,000** | **2,100,000** | **102%** | **124%** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 68,000,000 | 68,000,000 | 68,000,000 | 68,000,000 | 100% | 100% |
| **Вкупно 12** | **68,000,000** | **68,000,000** | **68,000,000** | **68,000,000** | **100%** | **100%** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување на средствата) и траен отпис*** | | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања од РДТ | 36,490,000 | 21,000,000 | 20,000,000 | 20,000,000 | 55% | 95% |
| **Вкупно 13** | **36,490,000** | **21,000,000** | **20,000,000** | **20,000,000** | **55%** | **95%** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 100,000 | 100,000 | 300,000 | 300,000 | 300% | 300% |
| Трошоци за репрезентација | 566,000 | 500,000 | 550,000 | 550,000 | 97% | 110% |
| **Вкупно 14** | **666,000** | **600,000** | **850,000** | **850,000** | **128%** | **142%** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2018г | Остварување 2018 г. (проценка) | Финансиски план за 2019г | Финансиски план за 2019г- Со пренамена на средства | Индекс 5/2*100 | Индекс 5/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | | |
| Премии за осигурување | 2,700,000 | 2,700,000 | 3,000,000 | 3,000,000 | 111% | 111% |
| **Вкупно 15** | **2,700,000** | **2,700,000** | **3,000,000** | **3,000,000** | **111%** | **111%** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 10,000 | 10,000 | 10,000 | 10,000 | 100% | 100% |
| Банкарски услуги | 900,000 | 900,000 | 900,000 | 900,000 | 100% | 100% |
| **Вкупно 16** | **910,000** | **910,000** | **910,000** | **910,000** | **100%** | **100%** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 150,000 | 120,000 | 320,000 | 320,000 | 213% | 267% |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборати за безбедност и заштита при работа и друго | 150,000 | 150,000 | 300,000 | 300,000 | 200% | 200% |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 233,000 | 200,000 | 300,000 | 300,000 | 129% | 150% |
| **Вкупно 17** | **533,000** | **470,000** | **920,000** | **920,000** | **173%** | **196%** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ*** | | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ | 5,800,000 | 4,800,000 | 5,000,000 | 5,000,000 | 86% | 104% |
| **Вкупно 18** | **5,800,000** | **4,800,000** | **5,000,000** | **5,000,000** | **86%** | **104%** |
| ***19)Даноци , судски такси и друго*** | | | | | | |
| Даноци | 5,000,000 | 4,000,000 | 4,000,000 | 4,000,000 | 80% | 100% |
| Судски трошоци и административни такси | 932,000 | 840,000 | 1,000,000 | 1,000,000 | 107% | 119% |
| Останати трошоци од работење и услуги (користење на Uplink антена и сл.) | 250,000 | 200,000 | 250,000 | 250,000 | 100% | 125% |
| **Вкупно 19** | **6,182,000** | **5,040,000** | **5,250,000** | **5,250,000** | **85%** | **104%** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | | |
| Казни,пенали,надомест на штети | 600,000 | 300,000 | 600,000 | 600,000 | 100% | 200% |
| **Вкупно 20** | **600,000** | **300,000** | **600,000** | **600,000** | **100%** | **200%** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 16,600,000 | 16,000,000 | 17,000,000 | 17,000,000 | 102% | 106% |
| **Вкупно 21** | **16,600,000** | **16,000,000** | **17,000,000** | **17,000,000** | **102%** | **106%** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 41,400,000 | 35,000,000 | 35,000,000 | 35,000,000 | 85% | 100% |
| **Вкупно 22** | **41,400,000** | **35,000,000** | **35,000,000** | **35,000,000** | **85%** | **100%** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2018г | Остварување 2018 г. (проценка) | Финансиски план за 2019г | Финансиски план за 2019г- Со пренамена на средства | Индекс 5/2*100 | Индекс 5/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 4,000,000 | 3,500,000 | 3,500,000 | 3,500,000 | 88% | 100% |
| **Вкупно 23** | **4,000,000** | **3,500,000** | **3,500,000** | **3,500,000** | **88%** | **100%** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **279,999,000** | **243,550,000** | **265,350,000** | **266,800,000** | **95%** | **110%** |
| ***24)Програмски права*** | | | | | | |
| Права за филмови | 22,860,000 | 20,000,000 | 25,000,000 | 35,000,000 | 153% | 175% |
| Останати програмски права | 9,320,000 | 9,000,000 | 9,500,000 | 9,500,000 | 102% | 106% |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 2,500,000 | 2,500,000 | 2,500,000 | 2,500,000 | 100% | 100% |
| Трошоци за фестивали | 821,000 | 800,000 | 1,000,000 | 1,000,000 | 122% | 125% |
| Права за спортски настани | 67,000,000 | 67,000,000 | 60,000,000 | 15,000,000 | 22% | 22% |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 16,960,000 | 16,000,000 | 17,000,000 | 17,000,000 | 100% | 106% |
| Копродукциски проекти | 44,880,000 | 44,000,000 | 42,000,000 | 52,000,000 | 116% | 118% |
| **Вкупно 24 - Програмски права** | **164,341,000** | **159,300,000** | **157,000,000** | **132,000,000** | **80%** | **83%** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | | |
| ***25)Наемнини*** | | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 300,000 | 300,000 | 500,000 | 1,550,000 | 517% | 517% |
| **Вкупно 25** | **300,000** | **300,000** | **500,000** | **1,550,000** | **517%** | **517%** |
| ***26)Останати трошоци од работење*** | | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 532,000 | 400,000 | 500,000 | 500,000 | 94% | 125% |
| Ревизија на финансиски извештаи | 1,000,000 | 1,000,000 | 1,000,000 | 1,000,000 | 100% | 100% |
| Услуги за вештачење | 200,000 | 200,000 | 200,000 | 200,000 | 100% | 100% |
| Носачи на аудио и видео материјал - промотивни материјали | 300,000 | 250,000 | 300,000 | 300,000 | 100% | 120% |
| Услуги за рејтинг агенции-надомест за користење податоци за истражување | 2,500,000 | 0 | 5,000,000 | 5,000,000 | 200% | 0% |
| Технички услуги | 7,320,000 | 5,000,000 | 6,000,000 | 6,000,000 | 82% | 120% |
| Трошоци за опремување сцена | 1,962,000 | 1,960,000 | 2,500,000 | 2,500,000 | 127% | 128% |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги, изработка на проекти, елаборати и сл.) | 3,160,000 | 2,500,000 | 4,300,000 | 4,300,000 | 136% | 172% |
| Агенциски услуги во земјата и странство - информативни | 100,000 | 100,000 | 50,000 | 50,000 | 50% | 50% |
| Авторски договори, договори преку авторска агенција | 11,000,000 | 10,000,000 | 10,000,000 | 10,000,000 | 91% | 100% |
| Договори за изведувачи по основ на Закон за поддршка на домашна музичка продукција | 32,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0% | 0% |
| Трошоци за проект Евровизија | 7,000,000 | 7,000,000 | 7,000,000 | 7,000,000 | 100% | 100% |
| Трошоци за судски извршители | 1,592,000 | 1,000,000 | 700,000 | 700,000 | 44% | 70% |
| **Вкупно 26** | **68,666,000** | **29,410,000** | **37,550,000** | **37,550,000** | **55%** | **128%** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2018г | Остварување 2018 г. (проценка) | Финансиски план за 2019г | Финансиски план за 2019г- Со пренамена на средства | Индекс 5/2*100 | Индекс 5/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** |
| ***27)Членарини, котизации,такси, ЗАМП, останати услуги*** | | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 9,330,000 | 9,300,000 | 10,000,000 | 10,000,000 | 107% | 108% |
| Котизации и акредитации | 300,000 | 200,000 | 300,000 | 300,000 | 100% | 150% |
| Останати трошоци/услуги од работење - (РДТ и други услуги) | 100,000 | 100,000 | 200,000 | 200,000 | 200% | 200% |
| Мало авторско право (ЗАМП, ММИ) | 8,500,000 | 4,000,000 | 8,500,000 | 8,500,000 | 100% | 213% |
| **Вкупно 27** | **18,230,000** | **13,600,000** | **19,000,000** | **19,000,000** | **104%** | **140%** |
| ***28)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 800,000 | 300,000 | 300,000 | 300,000 | 38% | 100% |
| **Вкупно 28** | **800,000** | **300,000** | **300,000** | **300,000** | **38%** | **100%** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **87,996,000** | **43,610,000** | **57,350,000** | **58,400,000** | **66%** | **134%** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ (од точка 1 до точка 28)** | **918,200,000** | **830,650,000** | **891,500,000** | **869,000,000** | **95%** | **105%** |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | | |
| **Набавка на опрема и други инвестиции** | 22,000,000 | 10,000,000 | 41,000,000 | 63,500,000 | 289% | 635% |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **22,000,000** | **10,000,000** | **41,000,000** | **63,500,000** | **289%** | **635%** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **940,200,000** | **840,650,000** | **932,500,000** | **932,500,000** | **99%** | **111%** |

Скопје, Јануари 2019 година